Примено: 29 10 / 19
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
1401 - 107/1

Република Северна Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

СЕКТОР ЗА ПРЕТПРИСТАПНИ ФОНДОВИ НА ЕУ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ (ИПАРД)

24 октомври , 2019

АРХИВСКИ БРОЈ: 20-10812/1

Врз основа на член 18 и член 26 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19) и Законот за ратификација на Рамковната спогодба меѓу Република Македонија и Европската Комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската Комисија за Република Македонија во рамките на спроведување на помошта според инструментот за претпристапна помош ИПА II („Службен весник на Република Македонија" бр. 99/2015), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден ______________ 2019 година, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**За формирање на Комитет за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020**

**Член 1**

(1) Со оваа одлука се формира Комитетот за следење на ефективноста и квалитетот на спроведување на Програмата за рурален развој 2014-2020 финансирана од Европската Унија преку Инструментот за Претпристапна помош – ИПА II, (Комитет за следење на ИПАРД 2014-2020, во понатамошниот текст „Комитет за следење на ИПАРД II").

(2) Со Комитетот за следење на ИПАРД II, претседава висок претставник на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошниот текст „Претседавач на Комитетот"), кој има право на глас.

(3) Комитетот за следење на ИПАРД II ги испитува резултатите од ИПАРД Програмата 2014-2020, особено постигнување на целите поставени за различни мерки и напредокот на користење на финансиски средства за тие мерки.

(4) Комитетот за следење на ИПАРД II периодично го ревидира направениот напредок за постигнување на целите утврдени во ИПАРД Програмата 2014-2020. За таа цел, нему првенствено треба да му биде на располагање следново:

(а) информации за сите сектори во кои постојат тешкотии;

(б) информации за резултатите од спроведените проверки;



Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија

Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
www.ipard.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

(5) Комитетот за следење на ИПАРД II може, по извршени консултации со Телото за управување и ИПАРД Агенцијата, да и достави на Европската Комисија, измени или ревизии на ИПАРД Програмата 2014-2020, за да го обезбеди постигнувањето на целите на програмата и да ја подобри ефикасноста на обезбедената помош.

(6) Комитетот за следење на ИПАРД II ги разгледува и одобрува годишните и завршните извештаи за спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020.

(7) Комитетот за следење на ИПАРД II го проверува оценувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020.

(8) Комитетот за следење на ИПАРД II го разгледува и одобрува планот за активности за видливост и комуникација

(9) Комитетот за следење на ИПАРД II го разгледува и одобрува индикативниот годишен акционен план за спроведување на активности од ИПАРД Мерката за техничка помош.

**Член 2**

(1) Комитетот за следење на ИПАРД II се состои од Претседавач и членови со право на глас и набљудувачи.

(2) Претседавачот на Комитетот за следење на ИПАРД II ги има следниве задолженија:

- Претседавачот има улога во организација и управување со активностите на Комитетот и одлуките кои ќе ги донесе во рамките на неговите надлежности;
- Претседавачот дава и одзема право на збор, одложува состаноци, изготвува план за работа на наредниот состанок и други детали поврзани со работата на Комитетот;
- Сите комуникации поврзани со активностите на Комитетот ќе бидат упатени до Претседавачот, кој ќе ги упати до Секретаријатот;
- Во случај на отсуство на Претседавачот, неговата улога ја презема раководителот на Телото за управување со ИПАРД.

(3) Членови на Комитетот за следење на ИПАРД II со право на глас се претставници од:

**Владини претставници:**

- четири претставници од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
- претставник од Министерство за економија
- претставник од Министерство за животна средина и просторно планирање
- претставник од Министерство за локална самоуправа
- претставник од Министерство за култура
- претставник од Министерство за транспорт и врски
- претставник од Секретаријат за европски прашања
- претставник од Министерство за труд и социјална политика
- претставник од Агенција за поттикнување на развој на земјоделството
- претставник од Агенција за поддршка за претприемаштвото и

- претставник од Агенцијата за храна и ветерина

**Невладини претставници:**

Одредени економски партнери, социјални партнери, партнери од областа на животна средина, академски/истражувачки институти, соодветни партнери од граѓанско општество, мрежа за рурален развој:

- претставник од Сојуз на стопанска комора на Македонија
- претставник од Стопанска Комора на Македонија
- претставник од Македонска асоцијација на преработувачи
- претставник од Сојуз на земјоделци на Македонија
- претставник од Комора на занаетчии
- претставник од Факултет за земјоделски науки и храна, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје
- претставник од Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
- претставник од Здружение на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС)
- претставник од Мрежа за рурален развој
- претставник од Факултет за ветеринарна медицина, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје
- претставник од Македонско еколошко друштво
- претставник од Локална Акциона Група Агро-Лидер
- претставник од Локална Акциона Група - Пелагонија
- претставник од Мрежа на млади фармери
- претставник од Синдикално здружување на земјоделски производители СПАС
- претставник од Здружение рурална коалиција Куманово
- претставник од Сојуз на здруженија на граѓани – Асоцијација на земјоделци и
- претставник од Здружение на производители на извозници на вино и други пијалоци произведени од грозје „Вина од Македонија" – Скопје.

(4) Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД II со право на глас се именуваат со решенија потпишани од Министер.

(5) Претставниците на Европската Комисијата, Националниот Координатор за Авторизација, Директорот на ИПАРД Агенцијата и раководителот на Телото за управување со ИПАРД, редовно ќе учествуваат во работата на Комитетот за следење на ИПАРД II, со присуство на состаноците и информирање на членовите на Комитетот, без право на глас.

(6) Во работата на Комитетот за следење на ИПАРД II во зависност од потребата и посебните случаи на предлог на членовите и на покана на претседавачот можат да учествуваат и други претставници на органи на државната управа, агенции, невладини организации или други стручни лица и експерти од соодветната област со статус на набљудувачи односно без право на глас.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија

Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
www.ipard.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**Член 3**

(1) Комитетот за следење на ИПАРД II се конституира на првата седница по влегување во сила на Одлуката за формирање на Комитет за следење на ИПАРД II.

(2) Комитетот за следење на ИПАРД II на конститутивната седница треба да донесе Деловник за работа.

(3) Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД II ги уредува прашањата од аспект на задачите, правата и обврските на претседавачот и членовите и начинот на работа.

**Член 4**

(1) Стручните и административните работи за поддршка на работата на Комитетот за следење на ИПАРД II ќе ги врши Телото за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и во согласност со одредбите од Деловникот за работа.

(2) Поддршка на работата на Комитетот за следење ИПАРД II од страна на Телото за управување со ИПАРД се состои од подготовка на состаноците, изготвување и доставување на документи, и особено доставување на релевантни информации за прогресот во реализацијата на мерките од ИПАРД Програмата 2014-2020.

**Член 5**

(1) Со влегување на сила на оваа одлука, престанува да важи „Одлуката за формирање на Комитетот за следење  на ИПАРД II, бр 11-7871/1 од 31.10.2017 година.

(2) Оваа одлука влегува во сила од денот на потпишувањето.

**Министер,**

**Трајан Димковски**

Изработил: Александра Дика
Контролирал/Согласен: Живко Брајковски


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија

Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
www.ipard.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015